ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **15.10.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Секретар на Општината Љубомир Младенов, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

Информација во врска со активностите за подготовка на ребаланс на буџетот за 2018 година, чие што усвојување е предвидено на Седницата на Советот на Општина Крива Паланка на ден 19.10.2018 година..

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Задолжение за итна и неодложна подготовка и доставување на писмена опомена пред раскинување на договорот со изведувачот „КООП“, а поради неизвршување на зададените задачи и задолженија во предвидените рокови, согласно на планот за нивно исполнување.

Информација во врска со активностите за санација на селски патишта и патни правци, со резиме за прилично висока реализација на планот за нивна санација.

Информација во врска со активностите поврзани со подготовката на проектната документација за „Станечки Водопади“, со задолжение проектите да ни бидат предадени во печатена форма најдоцна до 25.11.2018 година.

Предлог за обезбедување на пристап во просториите на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор и добивање на определени веќе изготвени проекти, кои да бидат преземени од страна на Општината и да бидат искористени за аплицирање за нивна имплементација и реализација.

Задолжение за интервентно и неодложно санирање на оградата на „Шанин Мост“.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Истакната е потребата од вработување на инженери во рамките на ова одделение заради подобрување на перформансите и навремено извршување на зададените задачи и задолженија.

Информација во врска со подготвена листа на улици за нумерација на објекти со поставување на куќни броеви, со напомена дека постојат определени тековни проблеми и нерешени претходни прашања, поради кои и самата нумерација на објектите ќе биде пролонгирана на неопределено време.

Истакната е потребата од донесување на Одлука на Советот за утврдување на цени за линиски превоз, кое нешто е неопходно потребно заради распишување на јавна набавка за превоз на ученици на територијата на Крива Паланка.

Информација во врска со тековни активности за полагање на испит за стекнување со сертификат за авто-такси превоз, кој е закажан за 25.10.2018 година.

Информации за урбанистичкиот дел на кој работи ова одделение и потребата од свикување на Комисијата за урбанизам при Општина Крива Паланка.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со спроведена постапка по јавен оглас за вработување во ТППЕ.

Информација во врска со спроведена постапка по интерен оглас за унапредување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со постапката и роковите за оценување на административните службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со направен пресек на преземените активности и остварените резултати во рамки на постапката за подготовка на функционална анализа.

Информација во врска со постапката за донесување на нов правилник за плати на вработените во ТППЕ и нови решенија за плата на пожарникарите.

Информација во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со организација на Манифестацијата „Шопска софра“ на ден 08.10.2018 година.

Информација во врска со спродведена постапка за селекција, рангирање и избор на кандидати за стипендија на талентирани ученици и таленирани спортисти.

Информација во врска со активностите во рамки на проектот „Цело е кога има се“.

Информација дека не е изберена фирма за проектирање по проектот за зголемување на капацитетите на детските градинки и дека јавната набавка е поништена по четврти пат, а рокот за аплицирање е до 31.12.2018 година, со сугестија за изнаоѓање на адекватна солуција преку раздвојување на постапката и промена на спецификацијата со реални цени кои се прифатливи за потенцијалните понудувачи и кандидати на јавниот повик.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со организацијата на Свечената седница по повод 8-ми Октомври – Денот на ослободувањето на Крива Паланка.

Информација во врска со подготовката на материјали за седница на Совет.

Информација во врска со распишан јавен оглас за давање на објекти во сопственост на Општината под закуп на правни и физички лица и резиме на пријавени кандидати и исполнетоста на условите за аплицирање.

Информација во врска со тековни и завршени тендерски постапки и исходот од истите.

Информација во врска со подготвени договори за давање на можност за плаќање на рати за закуп на претпростор пред УО и плаќање на комунална такса за користење на истиот.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со забраната за пиење на вода во с.Огут и превземените активности за надминување на проблемот преку хлорирање на водата и пуштање на системот, како и земање на мостри за понатамошно испитување.

Информација во врска со редарската служба и нивната улога во логистиката за организаирање и спроведување на настаните по повод Денот на ослободувањето на Крива Паланка.

Информација во врска со активностите на редарската служба при контрола на чистотата на јавните површини и издавање на соодветни опомени.

Информација во врска со активностите за чистење на цевчести пропусти под магистралниот пат, преку ангажирање на општите работници и резиме за извадениот материјал и потребата од негово навремено собирање и складирање.

Информација за работењето на инспекциската служба, со резиме за 19 предмети во управна постапка по кои треба да се постапува.

Информација во врска со предвиденото заловување на кучиња скитници на ден 16.10.2018 година.

Информација во врска со превземање на доставата на решенија за данок на имот за с.Конопница и с.Мождивњак од страна на радарската служба во рамките на ова одделение.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековното собирање на смет.

Информација во врска со предвидени и отпочнати активности за чистење на теренот на м.в.Пенди Вир и подготовка на истиот за негово озеленување во текот на наредната година.

Истакната е потребата од наплата за користење на спортската сала за одржување на натпревари од страна на спортските клубови, а пред се поради покривање на реалните трошоци за одржување на овој објект.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со подготвено проширување на програмата за култура на Општина Крива Паланка за 2018 година кое треба да биде усвоено на Седницата на Советот на Општина Крива Паланка на ден 19.10.2018 година.

Информација во врска со активностите околу откупот на авторско творештво од домашни автори, склучување на соодветни договори и исплата на откупната сума.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**15.10.2018 година, Крива Паланка**